**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 29 ноември 2024 година

## Соопштение за печатот

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: октомври 2024 година

– Во октомври 2024 година, просечната каматна стапка на вкупните кредити изнесува 5,38% и е намалена за 0,03 п.п. и 0,11 п.п. на месечна и на годишна основа, соодветно. Просечната каматна стапка на вкупните депозити забележа месечен и годишен раст од 0,06 п.п. и 0,40 п.п, соодветно и изнесува 2,07%.

– Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити[2], во октомври, изнесува 4,81% и бележи месечно и годишно намалување од 0,17 п.п. и 0,74 п.п., соодветно. Просечната каматна стапка на новопримените депозити оствари месечно и годишно зголемување од 0,24 п.п. и 0,52 п.п., соодветно и изнесува 2,84%.

### Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити

| | 10.2023 | 11.2023 | 12.2023 | 1.2024 | 2.2024 | 3.2024 | 4.2024 | 5.2024 | 6.2024 | 7.2024 | 8.2024 | 9.2024 | 10.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **5.49** | **5.48** | **5.47** | **5.55** | **5.52** | **5.50** | **5.51** | **5.49** | **5.47** | **5.46** | **5.44** | **5.41** | **5.38** |
| Корпоративен сектор | 5.37 | 5.36 | 5.33 | 5.44 | 5.40 | 5.35 | 5.35 | 5.31 | 5.26 | 5.23 | 5.20 | 5.15 | 5.09 |
| Домаќинства | 5.60 | 5.59 | 5.59 | 5.65 | 5.64 | 5.65 | 5.65 | 5.65 | 5.66 | 5.67 | 5.66 | 5.66 | 5.66 |
| **Новоодобрени кредити** | **5.55** | **5.38** | **5.21** | **5.22** | **5.35** | **4.98** | **5.47** | **5.19** | **5.08** | **5.12** | **5.04** | **4.98** | **4.81** |
| Корпоративен сектор | 5.71 | 5.39 | 5.30 | 5.21 | 5.25 | 4.73 | 5.57 | 5.16 | 4.95 | 4.96 | 4.90 | 4.78 | 4.65 |
| Домаќинства | 5.28 | 5.35 | 5.02 | 5.26 | 5.45 | 5.40 | 5.33 | 5.26 | 5.29 | 5.34 | 5.28 | 5.27 | 5.17 |
| **Вкупни депозити** | **1.67** | **1.74** | **1.79** | **1.72** | **1.76** | **1.80** | **1.82** | **1.86** | **1.88** | **1.93** | **1.96** | **2.01** | **2.07** |
| Корпоративен сектор | 1.96 | 2.23 | 2.06 | 2.07 | 2.08 | 2.12 | 2.11 | 2.21 | 2.25 | 2.28 | 2.20 | 2.34 | 2.42 |
| Домаќинства | 1.64 | 1.69 | 1.76 | 1.69 | 1.73 | 1.76 | 1.79 | 1.81 | 1.84 | 1.89 | 1.93 | 1.97 | 2.02 |
| **Новопримени депозити** | **2.32** | **2.28** | **2.37** | **2.22** | **2.31** | **2.46** | **2.54** | **2.36** | **2.52** | **2.76** | **2.43** | **2.60** | **2.84** |
| Корпоративен сектор | 1.51 | 1.71 | 2.19 | 2.02 | 2.19 | 2.52 | 2.61 | 2.38 | 2.39 | 3.03 | 1.99 | 2.14 | 2.75 |
| Домаќинства | 2.57 | 2.46 | 2.42 | 2.30 | 2.35 | 2.42 | 2.52 | 2.36 | 2.55 | 2.68 | 2.76 | 2.79 | 2.89 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити / новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити/кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[3]

– Во октомври, просечната каматна стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор изнесува 5,09% и е намалена за 0,06 п.п. на месечно ниво. Анализирано по валута промената се должи на намалувањето кај сите компоненти: каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,15 п.п.), каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,10 п.п.) и каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,03 п.п.). Споредено на годишно ниво, каматната стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор е намалена за 0,28 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Овој месец, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор изнесува 4,65% и оствари месечен пад од 0,13 п.п. Притоа, надолната промена е резултат на падот на каматните стапки на денарските кредити без и со валутна клаузула (за 0,27 п.п. и 0,12 п.п., соодветно), додека каматните стапки на кредитите во странска валута бележат раст (за 0,21 п.п.). Во споредба со октомври минатата година, оваа каматна стапка е намалена за 1,06 п.п.







Извор: НБРСМ.

[3] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

– Просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор, во октомври, е повисока за 0,08 п.п. и изнесува 2,42%. Промената произлегува од растот на сите компоненти, и тоа: каматните стапки на денарските депозити со и без валутна клаузула (за 0,27 п.п. и 0,09 п.п., соодветно) и на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,01 п.п.). Каматната стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор е зголемена за 0,46 п.п. на годишна основа.

– Во октомври, каматната стапка на новопримените депозити[4] на корпоративниот сектор изнесува 2,75% и бележи месечен раст од 0,61 п.п. Месечниот раст се објаснува со зголемените каматни стапки на денарските депозити со и без валутна клаузула (за 0,60 п.п. и 0,53 п.п., соодветно) и каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,36 п.п.). На годишна основа, оваа каматна стапка забележа пораст од 1,24 п.п.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[5]







Извор: НБРСМ.

– Каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата, овој месец, е непроменета на месечна основа и изнесува 5,66%. Годишниот раст на оваа каматна стапка изнесува 0,06 п.п.

---

[4] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[5] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Во октомври, просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата изнесува 5,17% и на месечно ниво е пониска за 0,10 п.п. Падот е резултат на намалените каматни стапки на денарските кредити без и со валутна клаузула (за 0,06 п.п. и 0,03 п.п, соодветно), во услови на раст на каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,32 п.п.). Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата е пониска за 0,11 п.п. во однос на октомври минатата година.







Извор: НБРСМ.

– Овој месец, каматната стапка на вкупните депозити на домаќинствата изнесува 2,02%, што претставува месечен раст од 0,05 п.п. Нагорната промена се должи на растот на каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула и на каматните стапки на депозитите во странска валута (за 0,05 п.п. и 0,04 п.п., соодветно), при пад на каматните стапки на денарските депозити со валутна клаузула (за 0,09 п.п.). Споредено на годишно ниво, оваа каматна стапка е зголемена за 0,38 п.п.

– Каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата[6], во октомври, изнесува 2,89% и бележи месечно зголемување од 0,10 п.п. Растот произлегува од повисоките каматни стапки на депозитите во странска валута (за 0,14 п.п.) и каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,05 п.п.). Притоа, овој месец банките и штедилниците не евидентирале новопримени денарски депозити со валутна клаузула. Анализирано на годишна основа, каматната стапка на новопримените депозити на домаќинствата е повисока за 0,32 п.п.

***

[6] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

## Придружни информации

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците
http://www.nbrm.mk/statistika_na_kamatni_stapki.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 30 декември 2024 година (референтен пресек заклучно со ноември 2024 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02/3215-235 лок. 108/110.